**Известување за концентрација со која Телекомуникации Република Српска, Босна и Херцеговина ќе стекне контрола врз КТВ Е-Г-Е д.о.о Добој Југ, Босна и Херцеговина**

**(Предмет бр. 08-157 од 2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 05.11.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Телекомуникации Република Српска акционерско друштво Бања Лука, со регистрирано седиште на ул. Вука Караџиќа број 2 Бања Лука, Босна и Херцеговина, ќе стекне непосредна поединечна контрола над КТВ Е-Г-Е д.о.о Добој Југ, со регистрирано седиште на ул. Трг 21. Март бр.18, Матузиќи, Добој Југ, Федерација БиХ, Босна и Херцеговина („Целно друштво”).

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

Телекомуникации Република Српска е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации истиот дава услугите за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Босна и Херцеговина.

Телекомуникации Република Српска е во мнозинска сопственост на Телеком Србија, акционерско друштво Белград, Србија.

Поврзано лице на Телеком Србија на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки” 11/1-3, Скопје, Центар, регистрирано за дејност жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

Поврзано лице на МТЕЛ ДООЕЛ Скопје е Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје.

Исто така поврзано лице на Телекомуникации Република Српска на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со седиште на Булевар Партизански Одреди бр. 17, 1-001/Скопје – Центар, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност сателитски телекомуникации.

КТВ  Е-Г-Е д.о.о Добој Југ е опратор на електронски комуникациски услуги и мрежи, регоистриран за обезбедување пристап до интернет и интернет услуги, дистрибуција на медиумска содржина.

КТВ  Е-Г-Е д.о.о Добој Југ нема поврзани правни лица на територија на Северна Македонија, ниту пак има остварено приходи на таа територија.

За целите на оценка на оваа концентрација подносителот на известувањето предлага како релевантен пазар да се дефинира пазарот на давање услуги на фиксен широкопојасен пристап на интернет и пазар на давање услуги дистрибуција на медиумска содржина.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

12.11.2025 година
Скопје